Со парафразата на пораката на Полио плус, „Ништо за нас, без нас“, Питер Тоинес, националниот тим лидер на Цивика мобилитас, го отвори регионалниот форум за источниот и југоисточниот регион што се одвиваше под мотото „ **Вклучени сите, вклученост за сите!** “ во Мултимедијалниот центар Канал 77, во Штип на 7 октомври 2016 година.



Во првиот панел, своите искуства на полето на социјалната инклузија и социјалното претприемништво ги споделија повеќе претставници на граѓански организации.

Александар Лазаров од „Планетум“ го сподели нивното искуство на воспоставување мрежа на неформалните собирачи на пластичен отпад. „Почнавме во 2005-2006 година. Многу бргу успеавме да вработиме петмина. Приходите што ги остварувавме беа и повеќе од доволни тие луѓе да остваруваат нето плата од 25.000 денари. За жал, оваа наша активности беше на удар на некои партиски и политички препукувања заради што веќе две години не работиме. Луѓето се тука, потребно е да им создадеме фер шанса да им помогнеме да се тргнат од маргините на општеството“.




Но, дали вработувањето е доволно за да можеме да зборуваме за социјална инклузија?

Според Бети Толевска од КХАМ од Делчево , тоа е само еден сегмент. „Во првите обиди да вработиме Роми се судривме со предрасудите на бизнисот“, рече таа. „Не сакаме да вработиме Роми“ – така ни велеа бизнисмените. Но, не се откажавме, работевме со нашите конституенти и со бизнис секторот. Предрасудите ги разбивме, сега треба работиме на подобрување на самодовербата на жената Ромка, да ја увериме дека таа вреди“, рече Толевска. Со вработувањето на жените Ромки треба да се обезбедат и градинки за нивните деца, тие да бидат прифатени од другите деца, а жените да бидат прифатени од оние со кои ќе работат. Според говорниците, тоа е чекор поблиску до социјалната инклузија.

Според Сократ Манчев од Избор од Струмица , отворањето нови работни места за стигматизирани луѓе е најголемата социјална инклузија. „Во државата треба да се направат револуционерни промени во социјалната политика за да се случат некои поместувања, на пример да добиеме повеќе ингеренции. Државата ја сведува социјалната политика на социјална помош, а со тоа многу се мали и ќе бидат мали резултатите“, рече Манчев.



Димитар Апасиев од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип зборуваше за социјалната политика, која според него е сведена на клиентилизам. Според Апасиев, вработеноста не ги вади вработените од маѓепсаниот круг на сиромаштијата. „Коефициентот на животна среќа кај нас паѓа на 25 годишна возраст и не расте до крајот на животот“, вели тој.

Жермена Божиновска од Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „ Паблик “ го раскажа нивниот пример поврзан со списанието „Лице в лице“ кое веќе четири години работи на принципите на социјалното претприемништво. „Работата е најсоодветен начин на социјална инклузија“, вели Божиновска објаснувајќи ја продажбата на списанието која ја вршат маргинализирани лица. „Најмногу ефекти врз нивното социјално однесување има менторската работа со нив“, вели таа. Божиновска се пофали дека од неодамна вработиле еден од продавачите.

**Спречување на миграциите и намалување на невработеноста** беа двете теми на кои се дискутираше во работните групи. Беше презентирано истражувањето спроведено од [Медија плус](#) посветено на миграциите на младите луѓе наречено „Повратен билет“. Најголем дел од испитаниците сметаат дека мерките што ги презема државата не одговараат на состојбите во државата (37%) или не се доволни (29%). Причини поради кои младите се иселуваат во најголема мерка се ниските примања, недоволни за преживување (71%) и неможноста за вработување (19%). Истражувањето покажало и дека младите луѓе не заминуваат само од економски причини.




Златко Николовски од организацијата „Нов контакт“ смета дека причина за иселување на младите е ниската вработеност и лошите услови. „Политиката кон миграцијата треба да се измени“, рече тој а граѓанските организации кои работат со миграции, треба да работат заедно. Потребна е инклузија и реинтегрирање на луѓето кои се враќаат назад. Македонија ќе има сериозен проблем ако на време не работи на оваа миграциска криза“, смета тој.

Невенка Лонгурова Гирова од [Фондацијата за развој на локалната заедници](#) ги презентираше резултатите од анализата на податоците за невработеноста на жените – припаднички на немнозинските етнички заедници од Источниот регион. Според неа, најчесто станува збор за Ромки, на возраст меѓу 25 и 49 години кои немаат или завршиле само основно образование и повеќето се невработени помеѓу една и три години.

[Форумите на Цивика мобилитас](#) овозможуваат простор за артикулирање на идеи, но и за заедничко планирање и подготовка на акции. Овој форум го модерираа Даниела Стојанова од МЦМС и Весна Коловска од Медиа плус.